ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 31 ДАТА 07.08.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 31 ДАТА 07.08.2019 г.

СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

Дополнување на документација од

Седница од 02.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Јаго Виторино Да Силва Гомес од ФК „Армасенес„ од Португалија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерот Јаго Виторино Да Силва Гомес склучија договор за вработување на фудблер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2020 година.

Дополнување на документација од

Седница од 16.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Марковиќ Иван од ФК „Каламара„ од Република Грција и Клисура Марко од ФК „Мубаи Сити„ од Индија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерот Марковиќ Иван и Клисура Марко, склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година, до Летен преоден рок 2020 година, до 14.06.2020 година.

Дополнување на документација од

Седница од 23.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Немања Илиќ од ФК „Бачка„ Р. Србија, по чл. 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Илиќ Немања склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење до 1 (една) година до ЛПР 2020 година, до 14.06.2020 година.

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Зоран Р. Стојоски од ФК „ОСК Фер Плеј„ од Охрид, Филип Ј. Стојчевски од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје,по чл. 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ од Скопје фудбалерот Коста Манев од ФК „Вардар АД„ од Скопје, поради преоѓање со регистрација на територија на друг ОФС.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Бошко Паповиќ од ФК „Бачки Јарац„ од Р. Србија и Страхиња Крстевкси од ФК „Црвена Звезда„ од Р. Србија за ФК „Работнички АД„ од Скопје, по член 35/11 и 35/12, поради некомпетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори, Паповиќ од 2 години, а Крстевски од 1 година до Летен преоден рок 2020 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

Дополнување на документација од
Седница од 30.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ АД„ Струмица: Рајковиќ Марко од ФК „Силекс АД„ од Кратово и Маслаќ Марио од ФК „Беласица АД„ Струмица, по чл. 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Академија Пандев АД„ и фудблерите Рајовиќ Марко и Маслаќ Марио склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до ЛПР 2020 година.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

Дополнување на документација од
Седница од 28.06.2019 година

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерите Трајковски Лука склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2021 година, а со фудбалерот Адем Ермедин склучија професионален договор во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2020 година.

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927 АД„ Скопје: Есати М. Џемаил и Илјази Р. Ардит од ФК „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар, по член 35/3.

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје:Блажевски Б.Дејан од ФК„Работнички АД„ од Скопје, Радевски М. Јовица од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Стојчевски С. Марко од ФК „Вардар АД„ Скопје, по член 35/3.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудбалерите Есати М. Џемаил и Илјази Р. Ардит склучија договори за вработување за професионално занимавање со фудбал во влеметраење од по 4 (четири) години, до ЛПР 2023 година, до 14.06.2023 година.

❖ **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ Скопје и фудблерот Абоубакрине Сали го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ РЕСЕН

Седница од 01.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛИРИЈА„ с. Загрчани: Наумовкси Г. Христијан и Настевски П. Тони од ФК „Преспа„ од Ресен, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Китановски Н. Јовица и Стојановски О. Душко од ФК „Феникс 2014„ од Демир Хисар, Менкоски Ц. Лука од ФК „Фер Плеј„ од Охрид, Стојчев Д. Благој од ФК „Форца Спорт„ Битола, Каранфиловски Б. Андреј, Кековски З. Христијан, Ѓорѓиевски В. Филип и Мантевски К. Дарко од ФК „Еден на Еден„ од с. Могила, по член 35/3.

ФК „ЕДЕН НА ЕДЕН„ с. Могила:Скендеров Д. Дориан од ФК „ЛГ Спорт„ од Битлла, по член 35/3.

ФК „НОВАЦИ 2005„ с. Новаци: Јовановски А. Стефан и Ризанковски Н. Виктор од ФК „Пелистер АД„ од Битола, по член 35/3.

ФК „КРАВАРИ„ с. Кравари: Бојаџиев Н. Дејвид од ФК „Новаци 2005„ од с. Новаци и Аземи Б. Имран од ФК „Космос Спорт„ од с. Будаково, по член 35/3.

ФК „ЦРНО БУКИ ЗЛ„ с. Црно Буки: Марковски С. Николче од ФК „Еленик Спорт„ од с. Мусинци, по член 35/3.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА„ с. Добромири: Јаневски П. Костантин од ФК „Хајдук„ с. Лознани, и Лозановски С. Дарко од ФК „Младост„ од с. Горно Оризари, чк.35/3.

ФК „ПЕЛАГОНИЈА БЕЛ КАМЕН“ с. Д. Српци: Ристевски О. Теодор и Ристески З. Андреј по член 35/1.

ФК „ЧАГОР„ с. Лопатица: Митревски З. Стивен од ФК „Светлост„ од с. Кукуречани, по член 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинсиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Љамчевски Љ. Петар и Даут Б. Илир од ФК „Пелистер АД„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Китанов С. Кристијан, Николов Л. Давид, Колев М. Тоше, Николов А. Матеј, Стојанова В. Марина, по член 35/1.

ФК „ФОРЦА МИРКО„ Штип: Блажев Љ. Бобан, Андонов Ѓ. Методи, Станковски Д. Филип, Савов Г. Стефан, по член 35/1.

ФК „КАРБИНЦИ„ с. Карбинци: Георгиев Далибор, Петров Б. Пане од ФК „Карбинци„ од с. Карбинци по член 35/2.

Колевски Д. Дарко од ФК „Кежовица„ од Штип, по член 35/3.

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„Штип:Сандевски Љ.Марио, Шерифов Б.Мелих од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, Георгиевски Г. Антонио од ФК „Академија Постолов„ од Штип, по член 35/3.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

Седница од 05.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВО ЕУРОСПОРТ ВАРДАР„ Куманово: Ѓорѓевиќ Лазар, Веселиновски Милан, Николовски Лука, Спасовски Андреј, по член 35/1.

ФК „РЕЧИЦА„ с. Речица: Јосифовски Стефан, Ратковиќ Александар од ФК „Победа„ од с. Тромеѓа, по член 35/10.

ОШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

Седница од 05.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Џонов Т. Ѓорѓе од ФК „Беласица АД„ од Струмица, чл. 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гевгелија фудбалерите: Крстаноска Симона и Јанковска Ели од ЖФК „Истатов 2015„ од Нов Дојран, поради преминување со регистрација на териоторија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

Седница од 05.08.2019 година

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерите: Шабани Н. Албан од ФК „Беса„ од с. Добри Дол, Есати М. Џемаил, Илјази Р. Ардитод, Мифтари Е. Бетим, Далипи Арменд од ФК „КГФ Гостивар АД„ од Гостивар, Иљази Р. Бујар од ФК „Генчкалемлерспорт„ од с. Д. Бањица порди преминување со регистрција на територија на друг ОФС.

Седница од 05.08.2019 година

за ОФС Тетово

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Абдулахи Ери од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, по член 35/3.

ФК „ЧАКЛАНИ„ с. Боговиње: Асани М. Шпенд од ФЦ „Ѓилани„ од Република Косово, по член 35/11.

Шабани Н. Албан од ФК „Беса„ од с. Добри Дол, Јонузи А. Беќири од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, по член 35/3.

Адењми Е. Кујтим, по член 35/1.

ФК „ДРИТА АД„ с. Боговиње: Јакупи Б. Премтим, Шахини В. Јетон од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, Мивтари Е. Бетим од ФК „КФГ Гостивар АД„ Гостивар, Даци Н. Осман од ФК „Гоблен Јуниор„ по член 35/3.

Љума Ќ. Енсар, Рамадани Ш. Флорент од ФК „Шкендија АД„ Тетово, чл. 35/8.

❖ **Склучување на договор за привремено отстапување:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово, ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње и фудбалерите: Љума Ќ. Енсар и Рамадани Ш. Флорент склучија договори за привремено отстапување на фудбалер во времетраење од по 6 (шест) месеци.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Шкендија АД„ Тетово и фудбалерот Куштрим Н. Таири склучија договотр за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2020 година.

ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и фудбалерот Ремзифаик Р. Селмани склучија договор за вработување за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2020 година.

❖ **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкендија АД„ Тетово и фудбалерот Муслиу А. Висар го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Спировкси З. Марко од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, Казимовски Ј. Јасмин од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и Муслиу А.Висар од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

Седница од 29.07.2019 година

❖ **Поништување на регистрација:**

Се поништува регистрцијата на фудбалерот Ѓуриќ Урош Ид.бр. 144628 за ФК „Струга Трим Лум„ од Струга објавена во „Макфудбал„ од 17.07.2019 годна заради грешка при регистрација на фудбалерот.

Седница од 01.08.2019 година

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Струга Трим Лум„ од Струга и фудбалерите: Флорент Османи, Бурхан Мустафов, Дејан Цветаноски, Александар Далчески, Христијан Драгарски, Христијан Кировски, Емран Рамадани, Нијас Лена, Арбен Тафе и Ардит Шаќири, склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2020 година.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудблерите Цаке Клисман од ФК „Тирана„ од Албанија за ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга по член 35/11, поради некомплетна документација и Ѓуриќ Урош од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште – Тетово за ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга по член 35/3, порди некомпетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори во времетраење од по 1 (една) година.

Не се објавува професионалниот договор склучен помеѓу ФК „Струга Трим Лум„ од Струга и фудбалерот Арион Зиба во времетраење од 4 (четири) години бидејќи фудбалерот е малолетен. Со истиот фудбалер може да се склучи договор најмногу до 3 (три) години.

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛАБУНИШТА 2011„ с. Лабуништа: Мирлинд Даути од ФК „Силекс АД„ од Кратово, Казимоски Јасин од ФК „Ренова АД„ с. Џепчиште, по чл. 35/3.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга фудбалерите: Бајрамовски Фермин од ФК „Струга Трим Лум„ од Струга и Коњарски Благојче од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

Седница од 06.08.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОРЕЦ 1919„ Велес: Мартин Блажевски од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје, Трајановски Филип од ФК„Академоја Пандев АД„ од Струмица, Стефан Лазаревиќ од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, Жоглев Владимир од ФК „Победа АД„ од Прилеп, по член 35/3.

Мустафа Бурхан од ФК „Феризај„ Косово и Абан Емил од „Жерминал„ Белгија, Стефан Богдановски од ФК „Трнава„ Словачка, по чл. 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Борец 1919 АД„ од Велес и фудбалерите: Роберт Коцев, Филип Петров, Трајче Стојковски, Мартин Блажевски, Филип Трајановски, Стефан Лазаревиќ, Стефан Богдановски, случија договори во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2020 година, а со фудблерите: Микица Ѓорѓиевки, Кристијан Ефтимов и Трајче Трајков во времетраење од по 2 (две) години, до ЛПР 2021 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Велес фудбалерот Ѓорѓиевски Марко со Ид. број 104411 поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Јован Велев од ФК „Степојевац„ од Репубклика Србија и Никола Прелчец од ФК „Лупко„ од Репулбика Хрватрска за ФК „Борец 1919 АД„ од Велкес, по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори, за Никола Прелчец 1 година, а за Јован Велев 2 години.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

Дополнување на документација од
Седница од 02.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Ѓуриќ Б. Стефан од ФК „Слобода Ужице„ од Ужице, Република Србија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Ѓуриќ Б. Стфан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2022 година.

Дополнување на документација од
Седница од 15.07.2019 година

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Милош Жеравица од ФК „Борац„ од Бања Лука од Босна и Херцеговина, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Милош Жеравица склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2020 година.

Дополнување на документација од
Седница од 16.07.2019 година

❖ **Склучување на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ Кратово и фудбалерот Благојевиќ Дејан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2020 година, до 14.06. 2020 година.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/4
30.07 2019 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска со Барањето на клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад за укинување на котизација за натпреварувачката 2019/20, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се одбива барањето на клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад за укинување на котизација за натпреварувачката 2019/20 како неосновано.

2. Се задолжуваат клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад кои не ја регулирале навремено котизацијата за натпреварувачката 2019/20 истата да ја регулираат и доказ за извршената уплата да доставаат до Комисијата за лиценцирање на ФФМ најдоцна до 01.08.2019 година, 12 часот.

3. Клубовите кои не ги исполниле критериумите за лиценцирање, не ги исполнуваат условите за натпреварување во натпреварувачката 2019/20 и истите нема да влезат во ждреб.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш, истата да се достави до клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад, Комисијата за лиценцирање на ФФМ и Комисијата за натпревари на ФФМ.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 30.07.2019 година беше доставено Барање за укинување на котизација, поднесено од клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад.

Во Барањето, клубовите наведуваат дека се аматерски клубови и дека при поднесување на ова барање имале во предвид дека УО на ФФМ ги ослободил клубовите од Прва МФЛ кои се професионални и имаат повеќе начини да обезбедат средства за финансирање за плаќање на котизација. Понматаму наведуваат дека од тие причини како и поради тоа што се натпреваруваат на аматерска основа и имаат финансиски потешкотии кои делумно произлегле и од тоа што некои од нив не добиле ваучери од Агенција за млади и спорт или истите биле во многу мал износ.

Управниот одбор го разгледа барањето и утврди дека клубовите поради дезинформација поднеле барање за укинување на котизацијата. Имено на клубовите од Прва МФЛ не им е укината котизацијата, истата како обврска е уредена со

Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ. ФФМ ја нема превземено обврската за регулирање на котизацијата на клубовите од Прва МФЛ, која впрочем исто како и котизацијата на клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад, се однесува на регулирање на трошоците на службените лица на натпреварите кога клубовите се јавуваат како организатори и домаќини на истите. Котизацијата за која станува збор не е финансиска обврска со која ФФМ го регулира учеството во натпреварување. Фудбалските клубови немаат обврска на матичната куќа да и плаќаат котизација за учество во лига. Станува збор за одлука со која ФФМ заради одржување на интегритетот на натпреварувањето во име на клубовите ги регулира трошоците за службените лица.

Со цел промоција на натпреварите од Прва и Втора МФЛ , ФФМ во последните сезони направи напор и востанови ТВ платформа преку која во последните неколку сезони врши пренос на натпреварите меѓу другото и за да може фудбалскиот спорт да стане подостапен до пошироката јавност. Со помош на ваквиот пристап и преговори, ФФМ воспостави контакт и е во фаза на потпишување на договор со медиумска куќа која прејави интерес за пренос на натпреварите само од Прва МФЛ. Со оглед на фактот дека добиените финансиски средства по овој основ би биле доволни за регулирање на котизацијата на клубовите од Прва МФЛ, ФФМ им ја презентираше понудата на клубовите од Прва МФЛ и се договори за начинот на преносот односно нивните обврски кои произлегуваат од ваквиот Договор.

Во врска со финансиските потешкотии на кои се повикуваат клубовите во Барањето а кои произлегле и од тоа што некои од нив не добиле ваучери од Агенција за млади и спорт или истите биле во многу мал износ, Управниот одбор ќе се обиде да оствари средба со надлежниот државен орган со цел појаснување на критериумите за добивање на ваучери како за клубовите така и за ФФМ која воопшто не доби ваучер и покрај големите вложувања кои во изминатиот период ги направи во инфраструктурата како дел од стратешкиот план за општествено одговорен чинител.

Од причини погоренаведени Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/4

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/5
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат извештаите на постојаните комисии и тела на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за втората половина од натпреварувачка сезона 2018/2019 и тоа:
   - Извештај од правна комисија;
   - Извештај од комисија за натпреварување;
   - Извештај од комисија за младински натпреварувања;
   - Извештај од комисија за мал фудбал;
   - Извештај од комисија за базичен фудбал;
   - Извештај од комисија на фудбалски тренери;
   - Извештај од комисија за фер плеј;
   - Извештај од комисија за инфраструктура;
   - Извештај од комисија за безбедност;
   - Извештај од комисија за статус на фудбалери;
   - Извештај од меѓународна комисија;
   - Извештај од комисија за спортска медицина и анти допинг;
   - Извештај од комисија за финансии;
2. Се утврдуваат извештаите на правните и лиценцни органи на ФФМ
   - Извештај од Дисциплинска комисија
   - Извештај од Комисија за жалби
   - Извештај од Комисија за лиценцирање
   - Извештај од Комисија за жалби за лиценцирање
3. Се задолжува одборот за судии да изврши дополнување на доставениот извештајот и да достави целосен извештај, вклучувајки преглед на делегирани судии и контролори во натпреварувачка сезона 2018/2019 и преглед на дадени оцени.
4. Одлуката стапува на сила веднаш, да се објави во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид завршувањето на натпреварувачката сезона 2018/2019, ги разгледа доставените извештаи од постојаните комисии и тела на Управниот одбор на ФФМ, по што донесе одлука као во диспозитивот.

Претседател,
Муамел Сејдини

Деловоден број 0202-1450/5

Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ. ФФМ ја нема превземено обврската за регулирање на котизацијата на клубовите од Прва МФЛ, која впрочем исто како и котизацијата на клубовите од Втора МФЛ Исток и Запад, се однесува на регулирање на трошоците на службените лица на натпреварите кога клубовите се јавуваат како организатори и домаќини на истите. Котизацијата за која станува збор не е финансиска обврска со која ФФМ го регулира учеството во натпреварување. Фудбалските клубови немаат обврска на матичната куќа да и плаќаат котизација за учество во лига. Станува збор за одлука со која ФФМ заради одржување на интегритетот на натпреварувањето во име на клубовите ги регулира трошоците за службените лица.

Со цел промоција на натпреварите од Прва и Втора МФЛ , ФФМ во последните сезони направи напор и востанови ТВ платформа преку која во последните неколку сезони врши пренос на натпреварите меѓу другото и за да може фудбалскиот спорт да стане подостапен до пошироката јавност. Со помош на ваквиот пристап и преговори, ФФМ воспостави контакт и е во фаза на потпишување на договор со медиумска куќа која прејави интерес за пренос на натпреварите само од Прва МФЛ. Со оглед на фактот дека добиените финансиски средства по овој основ би биле доволни за регулирање на котизацијата на клубовите од Прва МФЛ, ФФМ им ја презентираше понудата на клубовите од Прва МФЛ и се договори за начинот на преносот односно нивните обврски кои произлегуваат од ваквиот Договор.

Во врска со финансиските потешкотии на кои се повикуваат клубовите во Барањето а кои произлегле и од тоа што некои од нив не добиле ваучери од Агенција за млади и спорт или истите биле во многу мал износ, Управниот одбор ќе се обиде да оствари средба со надлежниот државен орган со цел појаснување на критериумите за добивање на ваучери како за клубовите така и за ФФМ која воопшто не доби ваучер и покрај големите вложувања кои во изминатиот период ги направи во инфраструктурата како дел од стратешкиот план за општествено одговорен чинител.

Од причини погоренаведени Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/4

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/7
30.07 2019 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат предложените листи од Одборот на судии на Фудбалската Федерација на Македонија и тоа:

   - Главни судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2019/2020;
   - Перспективни судии;
   - Асистенти судии на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2019/2020;
   - Перспективни асистенти судии;
   - Главни судии – жени за натпреварувачка 2019/2020 година;
   - Асистенти судии – жени за натпреварувачка 2019/2020 година;
   - Контролори на единствена листа на Прва и Втора МФЛ за натпреварувачка 2019/2020;

2. Одлуката и листите од точка 1 на оваа одлука да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".
3. Одлуката стапува на сила веднаш.

Образложение

Управниот одбор на седницата одржана на 30.07.2019 година , имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа листите на одборот за судии за натпреварувачката 2019/2020 година, по што одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/7

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/8
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојува календарот за натпреварување во млади категории за натпреварувачка 2019/2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Оваа одлука и Календарот за натпреварвање во млади категории за натпреварувачка 2019/2020 година да се објават во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почетокот на натпреварувачката сезона 2019/2020 година, донесе одлука као во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/9
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојува календарот за натпреварување во футсал за натпреварувачка 2019/2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Оваа одлука и Календарот за натпреварвање во футсал 2019/2020 година да се објават во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почетокот на натпреварувачката сезона 2019/2020 година, донесе одлука као во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA СКОПЈЕ

Деловоден број 0202-1450/9

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/10
30.07 2019 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојува календарот за натпреварување во Прва ЖФЛ за натпреварувачка 2019/2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Оваа одлука и Календарот за натпреварвање во Прва ЖФЛ за натпреварувачка 2019/2020 година да се објават во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почетокот на натпреварувачката сезона 2019/2020 година, донесе одлука као во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/11
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2019/2020 година.

2. Одлуката стапува на сила веднаш.

3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2019/2020 година да се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Управниот одбор на седницата одржана на 30.07.2019 година , имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2019/2020 година, одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202- 1450/11

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/13
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во натпреварувањето Куп на Македонија – сениори за натпреварувачката 2019/2020 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за натпреварувањето Куп на Македонија – сениори за натпреварувачката 2019/2020 да се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Образложение

Управниот одбор на седницата одржана на 30.07.2019 година , имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварувањето Куп на Македонија – сениори за натпреварувачката 2019/2020 година, одлучи како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202- 1450/13

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/18
30.07 2019 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига за натпреварувачката 2019/2020 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига за натпреварувачката 2019/2020 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/12
30.07.2019 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 став 1 од Статутот на ФФМ а во врска сои член 58 од Пропозициите за натпреварување во млади категории а во врска со предлогот на Младинската комисија на ФФМ за пополнување на непополнето место и утврдување на број на учесници во Втора лига во млади категории Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ за зголемување на бројот на учесници на 11(единаесет) во Втората лига во млади категории за натпреварувачката 2019/20 .

2. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ, непополнетото место во Втората лига во млади категории да се пополни со екипите во млади категории на ФК Силекс АД Кратово.

3. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ да се усвои Барањето на ФК Куманово 2012 од Куманово, учесник во Трета лига во млади категории во категоријата пионери, да се вклучи во натпреварувањето во Втора лига во млади категории со екипи во 4 категории.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 30.07.2019 година, го разгледа предлогот доставен од Младинската комисија на ФФМ бр. 0302-1441/1 од 19.07.2019 година. Во предлогот Комисијата констатирала дека ФК Силекс АД Кратово согласно Пропозициите како деветто пласиран треба да го изгуби второлигашкиот статус а ФК Куманово 2012 од Куманово , учесник во Трета лига во млади категории во категоријата пионери, прејавил интерес за пополнување благовремено но не го исполнил критериумот- да има освоено едно прво место.

Со оглед на фактот дека во категоријата пионери, во која се натпреварувал ФК Куманово 2012 од Куманово е второпласиран а првопласираниот воопшто не прејавил интерес за пополнување како и дека ФК Силекс АД Кратово во случај да нема заинтересирани би го исполнил условот за пополнување, Управниот одбор го прифати предлогот на Младинската комисија за зголемување на бројот на учесници во натпреварувачката 2019/20 како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/17

Управен одбор

НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/18
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2019/2020 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2019/2020 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во млади категории по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/20
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во млади категории во женска конкуренција за натпреварувачката 2019/2020 година.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во млади категории во женска конкуренција за натпреварувачката 2019/2020 година да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во млади категории во женска конкуренција по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,

Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/22
30.07 2019 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Пропозициите за детски фудбал за натпреварувачката 2019/2020 година.

2.Оваа одлука стапува на сила веднаш.

3. Одлуката и Пропозициите за детски фудбал за натпреварувачката 2019/2020 да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2019 година, имајки го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2019/2020 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување детски фудбал по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/22

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1450/25
30.07.2019 год.

Врз основа на член 109 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија, на седницата одржана на 30.07.2019 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1.Се усвојува предлогот на Комисијата за базичен фудбал на ФФМ висината на котизацијата во детски фудбал ,за сезоната 2019/20 да изнесува 2900,00(две-илјади-и-деветсто) денари по екипа.

2. Се утврдува, висината на таксата на координатор на турнир во детски фудбал да изнесува 1500(илјада-и-петсто) денари по турнир;

3. Се утврдува, висината на судиската такса по натпревар за натпреварите по региони во детски фудбал (независно дали се лига систем или турнир), во категории каде е задолжително присуство на судии да изнесува 300,00 (триста)денари;

4. Се утврдува, висината на судиската такса по натпревар за натпреварите на финалниот турнир во детски фудбал, во категории каде е задолжително присуство на судии да изнесува 600,00 (шесто)денари;

5. Активностите поврзани со делегирање и регулирање на трошоците на службените лица во детските лиги (судии и координатори на турнири) согласно добиен неделен распоред од координаторот на регионот на соодветната детска лига, ќе се спроведуваат во: ОФС Гази Баба, ОФС Гостивар, ОФС Охрид, ОФС Битола, ОФС Кочани и ОФС Струмица и ОФС Велес.

6. За сезоната 2019/20, ФФМ, финансиски ќе го поддржи натпреварувањето во детски фудбал во покривање на дел на трошоците за службените лица од т.2,3 и 4 на оваа Одлука.

7. За сезоната 2019/20, ФФМ финансиски ќе го поддржи спроведувањето на активностите по ОФС согласно т.5 на оваа одлука и за секој ОФС од т.5 утврдува месечен надоместок во висина од 6000,00 (шест-илјади) денари кој ќе се исплаќа за времетраење на натпреварувањето.

8. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

9. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 30.07.2019 година, го разгледа предлогот на Комисијата за базичен фудбал на ФФМ поврзан со натпреварувањето во детски лиги за сезона 2019/20 по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1450/25

МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**